Врз основа на член 9 став (9), а во врска со член 9 став (1) точка 23) од Законот за евиденциите во областа на здравството („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/09, 53/11, 164/13 и 150/15), министерот за здравство утврди

# ПРАВИЛНИК

за формата и содржината на обрасците, како и начинот на пополнување, водење, обработување и чување на збирните евиденции за здравствените прегледи на работниците

## Член 1

Со овој правилник се уредува формата и содржината на обрасците, како и начинот на пополнување, водење, обработување и чување на збирните евиденции за здравствените прегледи на работниците пропишани со член 22 став (2) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/07, 98/10 и 93/11) и Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/13 и 168/14).

## Член 2

Евиденцијата за здравствените прегледи на работниците задолжително ги содржи податоците утврдени во образецот на Извештај за здравствен преглед, пропишан со Уредбата од член 1 на овој правилник.

## Член 3

Евиденцијата од член 2 на овој правилник најмалку ги содржи следниве податоци:

1. Основни податоци за вработениот (име и презиме, матичен број на осигуреник/ЕМБГ, пол, возраст, работно место, работна организација/работодавач).
2. Вид на здравствен преглед (систематски, периодичен, насочен, претходен, контролен).
3. Датум и место на извршен преглед.
4. Податоци за здравствената установа и лекарот кој го извршил прегледот.
5. Медицински наоди и резултати согласно Уредбата од член 1 на овој правилник.
6. Заклучок и оценка за работната способност.
7. Издадени препораки и мерки за вработениот или работодавачот.
8. Датум на издавање на извештајот.

## Член 4

(1) Евиденцијата задолжително се води во електронска форма во Националниот систем за електронска евиденција во здравството.

(2) Пристап и пополнување имаат здравствени установи овластени за вршење на здравствени прегледи на вработените, преку овластен лекар по медицина на труд.

Член 5

Внесените податоци согласно овој правилник се основа за збирната евиденција наменета за следење, оценување и планирање на превентивната здравствена заштита на работниците, која ја водат здравствените установи врз основа на одредбите од Законот за евиденциите од областа на здравството и претставуваат составен дел од Националниот систем за електронска евиденција во здравството.

Член 6

Начинот на водење, пренос на податоци од здравствените работници кон центрите за јавно здравје, од центрите за јавно здравје кон Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, како и начинот на обработката на податоците од евиденцијата од член 2 на овој правилник се вршат согласно одредбите од Законот за евиденциите во областа на здравството.

Член 7

(1) Податоците содржани во Националниот систем за електронска евиденција во здравството се чуваат согласно правилата за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на податоци согласно прописите за заштита на личните податоци, како и согласно одредбите за техничките и организационите мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци.

(2) Во Националниот систем за електронска евиденција во здравството се чуваат податоците по принцип на различни верзии на софтверот.

(3) За секоја верзија на податок се евидентира датум, време и корисник кој го извршил внесувањето и/или ажурирањето на податокот.

(4) Секое ажурирање на податок резултира со нова верзија на податокот.

(5) Бришење на податок резултира со креирање на нова верзија на податокот со статус „избришан".

Член 8

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на веб-страницата на Министерството за здравство.

17-9706/2
27.10.2025г

МИНИСТЕР/ MINISTER
Prof. Dr Azir Aliu

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО - MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

Bazuar në nenin 9 paragrafi (9), dhe në lidhje me nenin 9 paragrafi (1) pika 23) të Ligjit për evidencat në fushën e shëndetësisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 20/09, 53/11, 164/13 dhe 150/15), Ministri i Shëndetësisë ka përcaktuar

**RREGULLORE**

mbi formën dhe përmbajtjen e formularëve, si dhe metodën e plotësimit, mirëmbajtjes, përpunimit dhe ruajtjes së të dhënave përmbledhëse të ekzaminimeve shëndetësore të punëtorëve.

**Neni 1**

Kjo rregullore rregullon formën dhe përmbajtjen e formularëve, si dhe mënyrën e plotësimit, mirëmbajtjes, përpunimit dhe ruajtjes së evidencave përmbledhëse për kontrollet shëndetësore të punëtorëve të përcaktuara me nenin 22 paragrafi (2) të Ligjit për siguri dhe shëndet në punë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 92/07, 98/10 dhe 93/11) dhe Rregulloren për llojin, mënyrën, vëllimin dhe listën e çmimeve të kontrolleve shëndetësore të punëtorëve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 60/13 dhe 168/14).

**Neni 2**

Të dhënat e ekzaminimeve shëndetësore të punëtorëve duhet të përmbajnë të dhënat e specifikuara në formularin e Raportit të Ekzaminimit Shëndetësor, të përcaktuara nga Rregullorja e përmendur në nenin 1 të këtyre Rregullave.

**Neni 3**

Regjistrat e përmendur në nenin 2 të kësaj Rregulloreje duhet të përmbajnë të paktën të dhënat e mëposhtme:

1. Të dhëna bazë rreth punonjësit (emri dhe mbiemri, numri i identifikimit të personit të siguruar/NAQ, gjinia, mosha, pozicioni i punës, organizimi i punës/punëdhënësi).
2. Lloji i ekzaminimit shëndetësor (sistematik, periodik, i synuar, i mëparshëm, kontrollues).
3. Data dhe vendi i inspektimit.
4. Informacion në lidhje me institucionin shëndetësor dhe mjekun që kreu ekzaminimin.
5. Gjetjet dhe rezultatet mjekësore në përputhje me Rregulloren në Nenin 1 të këtyre rregulloreve.
6. Përfundim dhe vlerësim i aftësisë për punë.
7. Rekomandime dhe masa të lëshuara për punëmarrësin ose punëdhënësin.
8. Raportimi i datës së publikimit.

**Neni 4**

(1) Të dhënat mbahen në formë elektronike në Sistemin Kombëtar për të dhënat dlektronike shëndetësore.

(2) Qasja dhe plotësimi i tyre janë në dispozicion të institucioneve shëndetësore të autorizuara për të kryer ekzaminime shëndetësore të punonjësve, nëpërmjet një mjeku të autorizuar të mjekësisë së punës.

**Neni 5**

Të dhënat e futura në përputhje me këtë rregullore janë baza për të dhënat përmbledhëse të destinuara për monitorimin, vlerësimin dhe planifikimin e kujdesit shëndetësor parandalues të punëtorëve, të cilat mbahen nga institucionet shëndetësore bazuar në dispozitat e Ligjit për të Dhënat Shëndetësore dhe përfaqësojnë një pjesë integrale të Sistemit Kombëtar për të Dhënat Elektronike Shëndetësore.

**Neni 6**

Metoda e ruajtjes, transferimit të të dhënave nga profesionistët e kujdesit shëndetësor në qendrat e shëndetit publik, nga qendrat e shëndetit publik në Institutin e Shëndetit Publik të Republikës së Maqedonisë së Veriut, si dhe metoda e përpunimit të të dhënave nga të dhënat e përmendura në nenin 2 të këtyre rregulloreve kryhen në përputhje me dispozitat e Ligjit për të dhënat në fushën e shëndetësisë.

**Neni 7**

(1) Të dhënat e përmbajtura në Sistemin Kombëtar të Regjistrave Elektronik Shëndetësorë ruhen në përputhje me rregullat për mënyrën e krijimit të një kopjeje rezervë, arkivimit dhe ruajtjes, si dhe për rivendosjen e të dhënave në përputhje me rregulloret për mbrojtjen e të dhënave personale, si dhe në përputhje me dispozitat për masat teknike dhe organizative për sigurimin e konfidencialitetit dhe mbrojtjes së përpunimit të të dhënave personale.

(2) Në Sistemin Kombëtar të Regjistrave Elektronik Shëndetësorë, të dhënat ruhen sipas parimit të versioneve të ndryshme të softuerit.

(3) Për çdo version të të dhënave, duhet të regjistrohet data, ora dhe përdoruesi që i ka futur dhe/ose përditësuar të dhënat.

(4) Çdo përditësim i të dhënave rezulton në një version të ri të të dhënave.

(5) Fshirja e të dhënave rezulton në krijimin e një versioni të ri të të dhënave me statusin "të fshira".

**Neni 8**

Kjo rregullore hyn në fuqi ditën e miratimit të saj dhe publikohet në faqen e internetit të Ministrisë së Shëndetësisë.

**МИНИСТЕР/MINISTRI**
Prof. Dr. Azir Aliu

17-9706/2
27.10.2025г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО - MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP